## Потпишани договори за користење на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013 од вториот јавен повик за ИПАРД



На вториот јавен повик за доставување на барања за користење средства од ИПАРД Програмата 2007-2013 пристигнаа 112 барања за користење на средства по трите акредитирани мерки:
-мерка 101, Инвестиции во земјоделски стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија
-мерка 103, Инвестиции за преработка и маркетинг на замјоделските производи со нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на ЕУ одобрени и
-мерка 302, Диверзификација и развој на руралните економски активности

Агенцијата согласно процедурите за евалуација и одобрување склучи 37 договори со барателите на средства од оваа Програма.
Вкупната вредност на инвестициите за кои се склучија договорите изнесува 4,2 милиони евра, односно кофинансирање од 50% или во вредност од околу 2,1 милиони евра.



Најголем број одобрени проекти се во мерката 101 Инвестиции во земјоделски стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија или 26 проекти со вкупна вредност од околу 1,02 милиони евра или кофинансиран износ од околу 500 илјади евра.
Најголем интерес има во подсекторот овоштарство, каде се одобрени 14 проекти, како и во подсекторот лозарство и тоа во модернизација на постоечките лозови и овошни насади, набавка на системот капка по капка, набавка на опрема-мулчери, прскалки за заштита, приклучна механизација.

По однос на мерката 103 Инвестиции за преработка и маркетинг на замјоделските производи со нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на ЕУ, вкупната вредност на 11-те одобрени проекти изнесува 3,1 милион евра или кофинансиран износ од 1,56 милиони евра.
Проектите во оваа мерка се во функција на модернизација на преработувачките капацитети, набавка на современа опрема за преработка на земјоделски производи вклучувајќи софтвер со кој инвеститорите би ги достигнале стандардите на ЕУ и би ја зголемиле својата конкурентност.



Во тек е реализација на одобрените проекти кои Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ги одобри со првиот јавен повик.
6 инвестиции се исплатени, а останатите проекти ќе се исплатат по нивното реализирање со интезивирање на исплатата заклучно со мај-јуни, односно по истекот на потребниот период за реализација на инвестицијата.

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој на 28.02.2011 година го објави првиот јавен повик за 2011 година за

доставување на барања за користење на средства од ИПАРД Програмата со расположливи средства од над 20 милиони евра. До 14.04.2011 година тече рокот за аплицирање по овој јавен повик и за истиот досега пројавениот интерес се следи преку подигнатите вкупно 160 обрасци и инструкции за аплицирање.

Со цел навремено информирање на сите заинтересирани потенцијални корисници за поднесување на барања за користење на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013, Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој изготви и објави Годишен План за објавување на јавни повици во 2011 година.

Согласно истиот во текот на 2011 година се планира објавување на уште два јавни повика за користење на средства од ИПАРД Програмата и тоа во текот на месец Јули и во текот на месец октомври 2011 година.